# УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВЕБ-УСЛУГАТА МОЈОТ VIP

## 1. Основни информации за веб-услугата Мојот Vip

1.1 Мојот Vip е веб-услуга што им овозможува на корисниците на Друштвото за комуникациски услуги оне.Вип ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: оне.Вип) да извршат проверка на своите претплатнички податоци, реализиран сообраќај, акумулирани трошоци како и активирање и деактивирање услуги поврзани со корисничката претплатничка линија, преку пристап од официјалната интернет-страница на оне.Вип - www.vip.mk.

1.2 Како посебна секција од веб-услугата Мојот Vip е онлајн сметката на Корисникот – „Мојата онлајн сметка", која е од информативен карактер и во ниту еден случај не претставува официјална сметка што оне.Вип му ја издава на Корисникот.

1.3 Веб-услугата Мојот Vip е бесплатна за сите корисници.

## 2. Услови за пристап до веб-услугата Мојот Vip

2.1 Пристапот до веб-услугата Мојот Vip е овозможен за сите физички и правни лица, кои се корисници на услугите на оне.Вип, кои претходно извршиле соодветна регистрација на своите кориснички податоци (креирале корисничко име и лозинка) преку официјалната интернет-страница, преку следниот линк www.vip.mk/mojot-vip или преку користење на мобилната апликација Мојот Vip.

2.2 При самата регистрација, Корисникот треба да ги прифати овие Услови за користење на веб-услугата Мојот Vip. Со избирање на опцијата „Се согласувам", Корисникот потврдува дека ги прочитал и дека ги разбрал овие Услови за користење на веб-услугата Мојот Vip и Мојата онлајн сметка, како и дека ги прифаќа и во целост се согласува со нивната содржина. Откако е извршено прифаќање на овие Услови за користење на веб-услугата Мојот Vip од страна на Корисникот, може да се пристапи кон нејзино користење.

2.3 Веб-услугата Мојот Vip е приспособена за работа на следниве пребарувачи:

- Google Chrome, верзија 33 или понови верзии;
- Mozilla Firefox, верзија 31 или понови верзии;
- Internet Explorer верзија 11 и
- Microsoft Edge, верзија 25 или понови верзии.

2.4 Веб-прелиставачот мора да има овозможено користење на колачиња (cookies).

2.5 Корисникот за користење на веб-услугата Мојот Vip се најавува со претходно регистрирано корисничко име и лозинка.

## 3. Услуги

3.1 По успешната најава, Корисникот се здобива со пристап до менито на веб-услугата Мојот Vip и можност да ги користи активните услуги (во секцијата „Промоции и услуги“) што му се достапни за неговиот кориснички профил во зависност од групата и видот на корисник, од постојниот избран тарифен модел на услугата што ја користи и согласно со доделените привилегии. Корисници на одредени бизнис-тарифни модели треба да поднесат барање до оне.Вип за доделување соодветни привилегии за пристап.

3.2 Како посебна секција во рамките на менито на веб-услугата Мојот Vip е услугата „Мојата онлајн сметка”, преку која им се овозможува на корисниците преглед на своите неиздадени сметки, кои се однесуваат на тековниот период за наплата, како и увид во своите издадени сметки од последните 12 месеци, вклучувајќи и детална сметка (спецификација), но само за последните 6 месеци, вклучувајќи ја и тековната неиздадена сметка. Услугата „Мојата онлајн сметка” е од информативен карактер и во ниту еден случај не претставува официјална сметка што оне.Вип ја издава на Корисникот.

3.3 Покрај проверка на своите претплатнички податоци, онлајн сметка, реализиран сообраќај, акумулирани трошоци, Корисникот преку користење на оваа услуга ќе може и да извршува плаќање сметки, дополнување Припејд сметки, како и да активира или да деактивира одредени пакети и/или дополнителни услуги. Пред купување на пакетите и/или дополнителните услуги, Корисникот ќе има можност да ја види цената на таквите пакети или дополнителни услуги. Доколку Корисникот активира пакет или дополнителна услуга, неговата месечна сметка ќе биде задолжена со цената на избраниот пакет или дополнителна услуга. Со активирање пакети или дополнителните услуги, Корисникот ги прифаќа општите услови за пристап и користење јавни електронски комуникациски услуги, кои се јавно достапни на официјалната интернет-страница на оне.Вип - www.vip.мк.

## 4. Одговорност

4.1 Корисникот се согласува и прифаќа дека интернет е интернационална компјутерска мрежа која оне.Вип директно не ја контролира, туку е само поврзан на неа и поради тоа не може да гарантира постојана и непрекината достапност на услугата. оне.Вип не презема одговорност за можни одложувања при преносот на податоци при користењето на веб-услугата Мојот Vip.

4.2 Корисникот е должен да ги чува своето корисничко име и лозинка, од секаков вид евентуална злоупотреба.

4.3. Со прифаќањето на овие Услови за користење, Корисникот потврдува дека е запознаен и се согласува дека секое успешно активирање или деактивирање одредени пакети и/или дополнителни услуги преку услугата Мојот Vip имаат целосна правна валидност и може да доведат до промени во износот со кој е задолжен со неговата месечна сметка за користени услуги.

4.4 оне.Вип не презема никаква одговорност за евентуални трошоци што можат да произлезат во случај Корисникот ги даде на друг своето корисничко име и/или лозинка, или на друг начин ги направи достапни за користење од трети лица. Секаков вид неовластено користење на оваа услуга е исклучива одговорност на Корисникот.

4.5 оне.Вип не е одговорен за каква било штета направена на Корисникот во случај тој да користи незаштитена безжична WLAN конекција.

4.6 Во случај на внатрешен трансфер на бизнис-линии од еден корисник на друг во рамките на една компанија – претплатник на услугите на оне.Вип, компанијата има должност веднаш да го извести оне.Вип да го избрише тековното корисничко име и лозинка, со цел да се спречи неовластено користење податоци, или неовластена употреба на оваа услуга. Во случај компанијата да не ја исполни оваа обврска, Vip нема да биде одговорен за каква било неавторизирана злоупотреба на податоците.

## 5. Интелектуална сопственост

5.1 Веб-услугата Мојот Vip е во ексклузивна сопственост на оне.Вип. Какво било копирање, дистрибуција, пренос, објавување, поврзувања (backdoor) или на друг начин менување на оваа услуга, најстрого е забрането.

5.2 Секое прекршување на овие услови, кое може да има како последица повреда на авторските права, правото на трговска марка или и на други права на интелектуална сопственост или какви било проблеми настанати во врска со неовластеното користење на оваа веб-услуга, повлекува граѓанска и кривична одговорност.

## 6. Завршни одредби

6.1 Vip го задржува правото целосно или делумно да ги измени овие Услови на користење вклучувајќи, но не ограничувајќи се на содржината, времето на достапност, како и опремата потребна за пристап и користење на услугата. За секоја промена, корисниците ќе бидат известени преку официјалната интернет-страница на оне.Вип www.vip.мк.

6.2 За сите случаи што не се регулирани со овие Услови за употреба, ќе се применуваат Општите услови за пристап и користење јавни електронски комуникациски услуги, кои се јавно достапни на официјалната интернет-страница на оне.Вип www.vip.мк, како и посебните услови на оне.Вип што се однесуваат на претплатникот врз основа на претходно склучени договори за користење услуги и Условите за користење на веб-порталот.